СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр.09-4430/1 од 22.10.2019 година
С К О П Ј Е

ДО
ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Врз основа на член 58 став (1) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (”Службен гласник на Општина Гази Баба” бр.4/06 и 12/13), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

Ја свикувам **Триесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, за **29.10.2019 година (вторник) со почеток во 11 часот**.

За работата на седницата го предлагам следниот:

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Расправа и одлучување по предлог за одржување на посебна седница на Советот на Општина Гази Баба за поставување на советнички прашања, бр.09-4356/1 од 17.10.2019 година, поднесен од Претседател на Совет на Општина Гази Баба;
2. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП ”Гази Баба - 2007” - Скопје, за третото тримесечје од 2019 година;
3. Предлог - Одлука за давање согласност за зголемување на капацитетот и отворање на две воспитни групи, во објектот ”Морковче” на ЈУДГ ”25 Мај” - Општина Гази Баба - Скопје;
4. Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година;
5. Предлог - Одлука за давање претходна согласност за планирање на финансиски средства за закупнина, во Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година;
6. Предлог - Одлука за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за обележување и поставување на сообраќајна сигнализација на улица ”Алија Авдовиќ”;
7. Предлог - Одлука за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на спортски центар Црешево - Стајковци;

8. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води за населено место Јурумлери;
9. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за за изградба на топловодни инсталации во населените места Триангла и Хиподром;
10. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на монтажен паркинг во населено место Автокоманда;
11. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на други објекти (капитални расходи) во населено место Автокоманда - монтажен паркинг кај плоштадот;
12. Предлог - Одлука за донесување на Урбанистички план за село Гоце Делчев, Општина Гази Баба - Скопје; и
13. Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 08, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Тони Бојковски, с.р.